# ЗАЕДНИЧКА ПЛАТФОРМА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ, СОРАБОТКА И КОМУНИКАЦИЈА

**11 февруари 2016**

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Услови:**

Овој Меморандум за соработка е изготвен со цел организациите да ги усогласат општите услови за работа поврзани со предвремените избори во Република Македонија. Меморандумот го опфаќа периодот од денот на неговото потпишување и официјалното завршување на временската рамка на изборите.

Меморандумот има за цел да создаде транспарентна и инклузивна платформа за соработка и комуникација базирана на Декларацијата за глобалните принципи за непристрасно изборно набљудување и мониторинг од страна на граѓански организации, и да ги промовира следниве заеднички стандарди и начини на однесување во текот на овој процес.

**Страните потписници на Меморандумот се обврзуваат на:**

1. Почитување и промовирање на **респект кон уставот, законите, подзаконските акти и меѓународните обврски** кои се однесуваат на одржување на демократски избори;

2. **Придржување кон строга непристрасност** и политичка неутралност во сите активности кои се однесуваат на изборниот процес. Воздржување од јавно искажана преференца за или против кандидат или политичка партија, како и отфрлање на секакви понудени услуги или упатени закани од било кој политички натпреварувач или негов агент/промотор;

3. **Работење независно** од владини институции во поддршка на вистински демократски процес и **користење на најдобри практики, методологии и техники,** во согласност со принципите за непристрасност;

4. **Респектирање на улогата на непристрасни изборни власти на сите нивоа.** Соработка со и следење на нивните законски упатства, но никако незаконски или несоодветно мешање во администрирање на изборите;

5. Стриктно придржување кон и активно промовирање на **принципот на ненасилство и отфрлање на користењето на говор на омраза во секаква форма**;

6. **Непристрасно, точно и навремено известување** за сите информации и наоди, позитивни и негативни, онаму каде информацијата е од јавен интерес. Обезбедување на информации засновани на факти кои се доволни за верификација на настаните, и обезбедување непристрасна и точна слика на она што се случило; и

7. Обезбедување на доволно **висок квалитет на обуки** за сите набљудувачи и монитори за да се овозможи истите да ги разберат и следат стандардите пропишани во овој Меморандум.

**<u>Соработка:</u>**

Сите организации тесно ќе соработуваат за да ги **сочуваат правата на гласачите и политичките актери** со строга непристрасност и без дискриминирање, неразумни ограничувања, мешања или заплашувања. Во таква смисла, секогаш кога е потребно и можно, тие **ќе споделуваат информации за да ги поткрепат наодите и ќе ги споредат податоците и информациите за да се обезбеди сеопфатност на заклучоците.**

**<u>Страни на Меморандумот</u>**

Овој Меморандум го потпишуваат:

Граѓанска асоцијација МОСТ ______________________

Институт за комуникациски студии ______________________

Транспаренси Интернешнл – Македонија ______________________

Центар за економски анализи ______________________

Цивил – Центар за слобода ______________________